Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Карпош**, на ден 20.01. 2021 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален Урбанистички План за Градска Четврт З06, Блок З06.09, Општина Карпош кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален Урбанистички План за Градска Четврт З06, Блок З06.09, Општина Карпош. нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Планскиот документ кој се донесува има за цел рационално користење на земјиштето, се дефинираат и оформуваат урбанистички парцели со што се решаваат имотно правните работи на сопствениците од катастарските парцели. Намената на земјиштето се усогласува со ГУП на град Скопје (2012 - 2022 година) и ДУП за Градска четврт З 06. Намените и компатибилните намени се согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-363/1 од 20.01.2021 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев